Никола Д. Сарајлија

# МЕЃИ НА СОНОТ

*на моите родители*
*преку кои ги наследив*
*телото и душата*

# МЕЃИ НА СОНОТ

сонце и лазур
бело и црно море
црвено поле

олимп и пирин
столбови на небото
меѓи на сонот

вардар и струма
црно предено точат
во бело море

алово ткаат
марица и морава
штит на европа

пелагонија
житоплод - светлород
пела - ајга

алфа - омега
филип и олимпија
почеток ил´ крај

утринска ѕвезда
патот го осветлува
цару велики

феникс го чува
каменот на мудроста
александриска

деца во лулка
мажите во фаланга
жени на разбој

кренати копја
лавот спроти сонцето
румено небо

# МЕЃУ СОНОТ И SВЕЗДИТЕ

која ли беше
мајката на македон
таткото знае

илирјон страден
за лична македонка
хелена тројанска

будно те варди
херакле од пелистер
бабам битола

ем турлитава
ем мешана салата
македон-мени

престол во охрид
царството до цариград
самоилово

неброен народ
многу земја изоде
малку остана

палеж и колеж
беломорски бегалци
откорнатици

рамо за рамо
тркало на животот
тешкото движи

класје во поле
лозја по ридиштата
стада низ балкан

бистри езера
зеленгори - ливади
македонија

SВЕЗДЕН ГРАД

солунски браќа
славјански светители
кирил и методиј

слово и вера
темнините ги рушат
клименте светол

векутум века
божествена светлина
бисерен охрид

охрид и преспа
галичица меѓница
црн дрим - бел стројник

изворот саноќ
езерото го љуби
дримот се раѓа

циреви кули
гордост или предавство
струма - меракот

дворец на ридот
размеѓе на светови
ѕвезден граде мој

брест и древен храм
петнаесет факели
тивериопол

турбе и црква
терма сред зеленило
рајот во банско

река од очи
беласица чемерна
клуч на балканот

СОДРЖИНА

Меѓи на сонот

Меѓу сонот и ѕвездите

Ѕвезден град

Никола Д. Сарајлија е роден 1958 година во Струмица. Основно училиште и гимназија завршил во родниот град. Дипломирал Југословенска книжевност со македонски јазик на Филолошкиот факултет во Скопје. Бил новинар-уредник во *Радио Струмица* и уредник на *Струмички весник*, а потоа основач и главен и одговорен уредник на *Струмица денес, Култум, Зенит*.

Автор на три книги. „Промени и спомени“ (НИП Магазин 21, Скопје, 1992) и „Скала од вода“ (ИД *Макавеј*, Скопје, 2007) застапени се во електронската библиотека на *Проектот Растко Македонија* и

преведени на бугарски во книгата „Стълба от вода“ (*Макавеј*, Скопје и *Мултипринт*, Софија, 2008). „Промени и спомени“ е вклучена во електронското издание „15 роднокрајци“ и спаѓа меѓу првите македонски објави во духот на хаику. „Меѓи на сонот“ (КИ *Феникс*, Скопје, 2009) е негова трета хаику објава.

Добитник на општински, републички и сојузни награди за поезија.Учесник на меѓународни поетски манифестации. Застапен во поетски избори и панорами. Преведуван на бугарски, српски и хрватски.